Советот на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) на 28 април 2026 година одржа редовна седница, на која беше разгледан и **усвоен Годишниот извештај на организацијата за 2025 година**
, наративен и финансиски, заедно со Извештајот од независниот ревизор.




Со седницата претседаваше Марко Трошановски од Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС). Директорот Александар Кржаловски накратко ја претстави работата на Советот на новите членови избрани на минатогодишните избори.

Извештајот го презентираше Кржаловски, кој се осврна на постигнувањата во програмите на кои работи МЦМС и на финансиските податоци. „**МЦМС ја заврши годината во која спроведуваше 30 проекти во 6 програми и со буџет од околу 180 милиони денари** ",
истакна тој.


2025
ГОДИШЕН
ИЗВЕШТАЈ
МЦМС

